Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 февруари 2024 година

Скопје, февруари 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 14 февруари 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот (со паузи од 13:05 часот до 14:10 часот и од 14:30 часот до 16:15 часот).

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер  за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и Наим Бајрами, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, како и м-р Јована Тренчевска, дополнителен заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Талат Џафери, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Илир Демири, министер за здравство, Ѓоко Велковски, министер за труд и социјална политика и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за потпишување на Колективен договор за вработените во Министерството за култура

2. Предлог-одлука за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Белград, Република Србија

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Информација за приклучување на Република Северна Македонија кон Иницијативата за мали земји на СЗО/Европа

6. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Здружението на граѓани Анима-Центар за личен развој, едукација и психотерапија-Скопје

7. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2024 година

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потпишување на Колективен договор за вработените во Министерството за култура, за првата седница на Владата што ќе се одржи по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Белград, Република Србија и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата заклучи:

1. Владата ја именува Катерина Лазароска Јанческа за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Охрид и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата за претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион ги именува:

а) за претседател Јасмина Петковска, член на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање.

б) Анастасија Трајковска, член на предлог на Министерството за култура

в) за членови
-Ирена Стефоска, член на предлог на Владата на Република Северна Македонија,
-Сандра Андовска, член на предлог на Националниот совет за одржлив развој на Република Северна Македонија,
-проф. д-р Антонио Јакимовски, член на предлог на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје,
-Влатко Трпески, член на предлог на Управата за животна средина,
-м-р Ана Алексова Тутковска, член на предлог на Управата за заштита на културното наследство,
-Кирил Илоски, член на предлог на градоначалникот на Општина Охрид,
-Натмир Неџипи, член на предлог на градоначалникот на Општина Струга,
-Игор Мартиноски, член на предлог на градоначалникот на Општина Дебрца,
-д-р Ленче Локоска, член на предлог на Јавната научна установа Хидробиолошки завод-Охрид,
-д-р Сања Рилкоска, член на предлог на Јавната установа Национален парк Галичица,
-проф. д-р Сали Жаку, член на предлог на Јавната установа Институт за екологија и технологија во Струга (Универзитет во Тетово),
-протојереј-ставрофор Никола Христоски, член на предлог на Македонската православна црква,
-Ади Муртиши, муфтија на Муфтиство на Исламската верска заедница во Струга, член на предлог на Исламската верска заедница,
-Славица Гашоска, член на предлог на туристичката асоцијација во Охридскиот регион (здружение на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови-ХОТАМ-Охрид),
-д-р Мише Тутковски, член на предлог на невладина организација од областа на заштитата на културното наследство на Охридскиот Регион,
-Анита Пејчиноска-Танеска, член на предлог на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид,
-Дарко Прензоски, член на предлог на Националната установа Музеј „Никола Незлобински“ Струга,
-Мирјана Топузоска, член на предлог на Националната установа Национален конзерваторски центар-Скопје и

-Мишко Ралев, член на предлог на Националната комисија за УНЕСКО.

3. Владата го именува Халид Фератов за вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Предлог кадровското прашање дадено на Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 февруари 2024 година под Точка 21 „Ана Маниќ да се разреши од должноста член на Органот за надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Куманово, поради истек на мандатот, а за член да се именува Фросина Георгиевска“ да не се реализира.

5. Предлог кадровското прашање дадено на Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 февруари 2024 година под Точка 66 поради техничка грешка наместо „Од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар поради истек на мандатот да ги разреши: Руждије Авдилаи, Дргим Каја и Муса Кадри, а за членови да ги именува Сокол Доволани, Флоридон Стрикчани и Авни Дураку“, треба да стои „Од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар поради истек на мандатот да ги разреши: Руждије Авдилаи и Дргим Каја, а за членови да ги именува Сокол Доволани и Флоридон Стрикчани“.

6. Предлог кадровското прашање за разрешување на Муса Кадри, поради истек на мандатот од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, дадено на Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 февруари 2024 година под Точка 66 е реализирано на Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 февруари 2024 година под Точка 26.

7. Предлог кадровското прашање за именување на Авни Дураку за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, дадено на Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 февруари 2024 година под Точка 66 да не се реализира.

## <u>Точка 4</u>

**1.** Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет до правосилна пресува на Министерство за правда-Управа за извршување на санкции.

**2.** Владата во врска со точка 78, Прашање и предлози од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 февруари 2024 година, по повод одбележувањето на 20 години од загинувањето на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, на 26 февруари

2024 година (понеделник), заклучи, во точка 1, во делот што се однесува на положување на свежо цвеќе на гробот на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, во Бутел, Скопје, положувањето на свежо цвеќе, наместо со почеток во 10 часот, да биде 12 часот.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за приклучување на Република Северна Македонија кон Иницијативата за мали земји на СЗО/Европа, ја усвои и ја задолжи д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, во рок од пет дена, да испрати писмо за интерес за приклучување на Република Северна Македонија кон Иницијативата за мали земји на СЗО/Европа до Регионалниот директор на СЗО за европскиот регион.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Здружението на граѓани Анима-Центар за личен развој, едукација и психотерапија-Скопје.

**<u>Точка 7</u>**

Владата повторно ја разгледа и ја донесе Програмата за научно-истражувачката дејност за 2024 година.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| м-р Методија Димовски | dr. Artan Grubi |